Проф. Д-р. Али ПАЈАЗИТИ

Феџри СЕЛАМИ

Institute
local governance | informal learning

РЕЛИГИЈА И ТОЛЕРАНЦИЈА

Теренско истражување за степенот на толеранцијата во Ѓорче Петров, Сарај, Чаир и Бутел

Скопје 2017

поддржано од:

CIVICA MOBILITAS

проект

Имамот или Попот?

било кој само во улога на мирот

АНКЕТА

ВОВЕД.....4

ТОЛЕРАНЦИЈА И ВЕРСКА ТОЛЕРАНЦИЈА.....7

РЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.....10

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....17

ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ: АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ.....20

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ.....29

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....33

Јуни 2017
Скопје

„Сега не им се обраќам на луѓето, туку тебе, Господ на сите битија, светови и времиња. Не знам дали се дозволува, слаби створенија, изгубени до бескрајност и безначајни во вселената, да смеат да побараат нешто од Тебе кој што си создал се врз основа на непроменливите и вечни правила... Не си ни дал срце да се мрзиме, ниту раце да се колиме. Дај да помогнеме едни на други да го носиме товарот на овој тежок минлив живот; да малите разлики во нашите слаби тела, на нашите плитки јазици, на нашите смешни традиции, несовршени закони, бесмислени ставови, различните услови коишто за Тебе не се разликуваат, да сите овие ситници меѓу трошките наречени луѓе не бидат знакови за омраза и прогон!„

Волтер

Јуни 2017
Скопје

1. ВОВЕД

Толеранцијата е една од вредностите која што од ден на ден добива важно место во светската агенда, особено во денешто време кога се лиферуваат теории за конфликти помеѓу култури, цивилизиции, религии, и незнаењата, кога светот се соочува со многудимензионална криза. Денес толеранцијата е потребна како воздухот. Нејзиниот дух треба да го дистрибуираме во сите пори на животот, таа „да се аплицира како принцип во образованието, потребно ни е да градиме генерации во содејство со оваа круцијална вредност. (Yilmaz, 2004: 109). Толеранцијата е власт на човекот со висок степен на интелигенција. Интелигентните луѓе првин се трудат да го спознаваат другиот, па потоа да судат за него. Човекот е непријател на тоа што не го знае. Запознавањето е предуслов на дијалогот, разбирањето и толеранцијата.

Овој извештај е интегрален дел од проектот “Имамот или попот? Било кој, само во улога на мирот да е“, кој што е реализиран од страна на *ЗИП Институт и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), поддржан Цивика мобилитас*. Целта на ова истражување е да се добијат емпириски-статистички валидни податоци за перцепциите и ставовите на припадниците на различните верски заедници за степенот на меѓусебната верска толеранција и придонесот на свештените лица од двете религии (православно христијанстви и ислам) во насока на сочување на традиционалниот дух на толеранција (кој корените ги има во таканаречениот Отомански мултикултурализам) на ова поднебје, но и во подобрување на меѓуверските и меѓу-
културните односи, сплотување и подигање на свеста кај верниците за соживот, зајакнување на

општествениот мир и правилен пренос на позитивни пораки преку верските обреди-ритуали (како секојдневни молитиви, петочен намаз и предавање, црковни молитви), јавни настапи, интервјуа итн.

Темата е актуелна и локално имајќи ја предвид состојбата на етничка и религиска тензичност, поставување верски и етнички симболи на јавен простор, злоупотребата на верата и нацијата за остварување на одредени политички цели (Види: Siblot, 1997). Научното третирање на оваа проблематика, религија и толеранција, е многу важен акт имајќи ја предвид мултикултурната и мултирелигикста структура на земјата, фактот дека на верска основа населението на РМ е мултиконфесионална, поделено на две поголеми религиски припадности, **група 1** *православни*: македонци, срби, власи; **група 2** *муслимани*: албанци, турци, роми, македонски муслимани.

Различноста, која што е историски феномен сеприсатен во нашето општество, имлицира во себе и ризик на поделби, недоразбирања, па и конфликти, нешта кои што се доживеани во последните декади на Балканот, каде што *религиската другост* беше разлог за поделби, војни, за феноменот наречен „балканизција„.

Во нашиот контекст сведоци сме на турбуленции во сферата општествениот мир и толеранција како и злоупотребата на религискиот дискурс и кај двете главни институции на верата, ИВЗ и МПЦ, вовлекување на верските службеници во одбрана или напад на одреден текст, симбол или акт на својата/другата заедница, непромислени изјави, политизирање на религиски компоненти итн.

Јуни 2017
Скопје

Овој лабилен општествен театар, како и позицијата на верските заедници како „дежурни бранители„ на одредени дела на политиката и нејзините преставници, ја пробуди идејата за иницирање на овој проект кој што пред се цели да го третира овој проблем научно и институционално, преку истражување за степенот на верската толеранција во четири општини (Сарај, Ѓорче Петров, Бутел и Чаир) кои што во овој проект се појавуваат како таргет територии или единици. Целта на ова истражување е придонес во зајакнувањето на општествениот мир преку воспоставување на добри релации на теренските службеници на конфесиите (оџите и поповите), реадресирање на нивната улога во јавниот живот и правилниот пренос на пораки на верските обреди. Со малку зборови, целта ни е подобрување на дијалогот во контекстот на феноменот религија и религиската толеранција, а тоа поминува преку разбирањето на вистината на новото време на религискиот ревивализам, на преку разбирањето на религиските идентитете и партикуларизми.

Може да кажеме дека нема мир во национално ниво без позитивна свест за религиското виножито кое што е *differentia specifica* на Република Македонија. Оваа теренско истражување ќе ни служи како добро мерило на верската толеранција или предрасудите во односите меѓу општествените групи, користејќи ги резултатите од анкетата како инструмент за проценка на штетите предизвикани од последните случување во сферата на религијата и политиката (како на пример „крстот во Бутел„ и „орелот во Чаир„, 2015).

Јуни 2017
Скопје

2. ТОЛЕРАНЦИЈА И ВЕРСКА ТОЛЕРАНЦИЈА

„Толеранцијата и религиската хармонија му немаат наштетено на никому, нетолераницјата е таа која што го има проузрокувано овој колеж кого го живееме заедно!„ Вака Волтер во далечната 1763 се изразува во својот *Спис за толеранцјата*, една од најдобрите книги напишани за соодносот помеѓу верата и индивидуата.

Толеранцијата е термин кој што се надврзува со интеркултурнта комуникација, во буквален превод значи „Јас не се согласувам со тебе но поради некои поголеми интереси те прифаќам за реалност„. („На иста страна„, 5-та епизода). Некои толеранцијата ја нарекуваат и контролирано несогласување *(sublimated disapproval)* (Rangus, 2001).

„Толеранцијата е услов за развој на личноста, како што кислородот е услов за дишењето. Човекот е толерантен тек кога нешто ќе посвои од човекот со кој не се сложува„. (Šušnjić, 2004: 1, 7). Толеранцијата претставува средишна положба меѓу неподноснивоста и потполното прифаќање. Како таква таа најчесто е нестабилна положба, која може да се сврти кон една или друга насока. Толеранцијата е еден поим со психо-социјална димензија кој што произлегува од комуникацијата со другите луѓе. Таа е агенс за надминување на проблемите кои што ги генерира заедничкото живеење, агенс за креирање на клима на кохерентност и здрави релации. Толеранцијата преставува основа за оптимистички живот каде што доминираат сигурноста и почитта, за развивање на идејата за мирот помеѓу религиите, културите, етникумите, традициите.

Јуни 2017
Скопје

Толеранцијата не учи дека може да имаме различни идеи, ставови убедувања, и дека тоа не е ненормална состојба, дека почитта е тлото на коегзистенцијата.Таму каде што нема толеранција има фанатизам, а каде има фанатизам, последицата е повредата на мирот. (Yılmaz, 2004: 111)

Духот на толеранцијата може да се развие во секое време и во секое општество, врз основа на некои правила:

- Можност на индивидуите слободно да ги изразат своите мисли и ставови.
- Почит кон принципот на основните права и слободи.
- Чувство за вминателно (и без предрасуди) слушање на другиот, за емпатија и разбирање на чувствата, идеите и начинот на живеење на соговорникот.
- Сериозно вреднување на сите препораки за решавање на проблемите за кои нема консензус.
- Труд за изнаоѓање на заедничко тло за разните идеи и практики. (ibidem, 112)

Религиозна толеранција подразбира великодушност која човекот ја покажува кон друга вера, надвор од сопствената, морална определба приврзаниците на таа религија да се остават спокојни во практицирањето на нивната духовност во приватниот и јавниот живот, иако абсолутно не се согласува и ја смета таа вера за лажна *(false faith)*. (Pohle, 1912)

Религијата и толеранцијата се поврзани како во теоретски така и во практичен смисол.

Тоа го покажуваат многубројни примери од историјата, блиска и далечна, но и актуелната состојба во глобални рамки. Религиската толеранција подразбира дека личноста не ги дискриминира религиските убедувања на другиот макар мислел дека тие се грешни.

Толерантниот начин на мислење базиран врз дијалог го намалува бројот на догматиците меѓу мислителите, на фанатиците и екстремистите меѓу верниците, и тираните меѓу политичарите. (Šušnjić, 2004: 1, 7-16)

Синтагмите верска толеранција и верски плурализам имплицираат дека освен нашите верувања и практики, во светот има и други луѓе кои кои исто така веруваат и живеат, зато треба да покажее рабирање и нивните сфаќања. (Günay, 1998: 428, Yılmaz, 2004: 113). Почитта кон религиозната другост е многу важно особено во рапидно променливите услови на векот во кој што живееме, кога е невозможно сите припадници на едно општество да имаат иста вера или верски ставови. Најголема препрека за верската толеранција човекот или одредена група да претендира дека нејзиниот концепт за религијата е единствената вистина и истата да се труди да им ја наметне на другите. (ibidem)

Толеранцијата во доменот на религијата може да има повеќе форми: психолошка толеранција, која се засновува врз поголем број психички елементи, какви што се: милосрдност, попустливост, благост, умереност, пристапност; легална или правна толеранција, која, во прв ред, претставува право на исклучување од конформизмот кон државната религија; теолошка или догматска толеранција, која претставува право да се имаат поинакви или девијантни погледи во рамките на одредена религиска перспектива; еклесијастичка толеранција, која претставува толеранција на доминантната црква кон останатите цркви. (Ташева, 30)

Според Сергеј Флере, доследното реализирање на начелото на одвоеноста на црквата од државата е нужен институционален услов за остварување на начелото на толеранцијата. (Kuburić, 2013: 30).

Наспроти тврдењето дека религијата произведува конфликт, таа во себе содржи и потенцијал за постигнување на помирувањето на расна и политичка основа, кои се тесно поврзани. (Hammerman, 2009, ibidem, 33)

3. РЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија претставува една историска, политичка, економска и културна реалност на Балканот која што е позната по својата етничка и културна разноликост. Некои автори РМ, ја опишуваат како епицентар или „срце на Балканот„. Нејзината територија во сите периоди на човековата историја била дел на големи империи и цивилизации. Поради поволната географска позиција, како крстопат на цивилизациите и религиите, во историјата е позната како “Catena Mundi”. (Muhiq, 2007: 4). Таа е културен мозаик, со мултиетничка и мултиконфесионална подлога, *unitas multiplex*, таа е коридор каде се спојуваат Истокот со Западот, исламот и христијанството итн. Ова го илустрира симболиката на културните компоненти од исламска и православна провиниенција, џамиите, црквите кои се сретнуваат на четирите страни на оваа земја.

Културниот мозаик наречен Р. Македонија кој што е посебен со “длабоката разноликост” (Taylor, 1994) преставува природна состојба на ова земја. Ако се следат статистичките податоци ќе видиме дека тука гравитираат разни етнички и религиозни припадности. Оваа разноликост во Македонија постои уште пред мултикултурализмот да се појави како теорија и политика. Таа е постара од поимот на мултикултурализмот кој што има четиридецениска историја и се надоврзува со современото сфаќање на човековите права, особено со културните права. Старите империи од античките времиња биле формации каде што коегзистирале разни заедници, вери, култури, етникуми кои се испреплетувале меѓу себе.

Отоманската империја, културната различност ја дефинира по пат на културните и верските права на неисламските (христијански и еврејски) заедници. Овој систем наречен систем на *милетите* (религиските заедници), овозможил регулирање на меѓуетничките, религиозните и јазичните прашања, промовирајќи толеранција за сите. (Sulstarova, 2010).

Но во постотоманскиот период, на Балканот, нештата почнуваат да се развиваат во негативна насока, конфликти, војни, геноцид, насилни миграции. За време на комунизмот нештата како да беа ставени по тепих. Со падот на системот се случи Југословенската катаклизмата, од којашто Македонија излезе со најмалку последици (исклучувајќи ја Словенија која не се смета за Балкан). Но тензиите, особено меѓу двете најголеми етнички заедници беа видливи. Во оваа фаза излезе на виделина дека всушност нашата демократија е ограничена демократија (И. Ацески), ата од политиките од после 2006 се повеќе наликуваа на концептот на Ф. Закариа за нелибералната демократија.

Јуни 2017
Скопје

Фактитет велат де Македонија се познава како мултиетничка, мултулингвална и мултиетничка, „како сотолб на толеранцијата и почитта на универалните цивилизациски вредности„ (Pavlovska, 2011: 3), односите помеѓу различните ентитети, особено помеѓу најголемите, Македонци-Албанци рефлектираат паралелизам и нестабилност, вклучувајќи ја религиозната сфера, на релацијата православни-муслимани.

Според аналитичарите, пост-рамковна Македонија којашто требаше со сигурни чекори да напредува во процесот на внатрешниот мир и европеизацијата, стана оаза на статичноста, на тензичноста, на партитократијата и пример на поделено општество *(divided society)*.

Од конфликтот 2001 се прават чекори за репацификација и приближување помеѓу етничките и религиозните заедници во РМ. Наспроти тензичната религиозност започната со гаѓање и рушење на верски објекти во конфликтот од 2001, изразена преку акти како недавање дозвола за реизградба на џамии (Прилеп), градење на провокативни сакрални објекти (крст на Скопско кале), грандиозни крстови (Водно, Аеродром), скрнавење на светињи (карневалот во Вевчани), случајот „Монструм„ каде „несреќно одбрана квалификација доведе до масовни протести„ итн., има иницијативи и за градење на меѓурелигиски мостови, за религиски диајлог. Од ваков карактер беше иницијативата на добра волја на бивќиот претседател Трајковски, форумот за дијалог меѓу цивилизациите, одржан 2003 во Охрид.

Ова позитивна клима продолжи со Светската Конференциите за Меѓурелигиски и Меѓуцивилизациски дијалог кои се одржаа 2007, 2010 (Охрид) и 2013 (Скопје), којашто беше бојкоирана од страна на ИВЗ. На последната беа третирани теми како „Плуралистичните

општества и религиската толеранција„, Судирите во модерните времиња и предизвиците на заедничкиот живот во мир„, „Соживот со почит на разликите„, „Придонесот на медиумите во меѓуверскиот и меѓукултурниот дијалог„ итн. Друг факт што загрижува е што последните инциденти меѓу младите имаат верски белези. Зборно место при организирањето собири беа Соборниот храм, односно џамијата Јаја-паша, поради што и еден дневен весник излезе со насловна страна дека во Македонија се закажуваат верски војни.

„Настани со верски белег се заканија сериозно да ја дестабилизираат државатаа ситуацијата која излезе од секаква контрола, наместо верските, мораа да ја менаџираат политичките лидери во парламентот. Власта, сакајќи да побегне од етничкиот, се префрли на верски план, што ѝ се врати како бумеранг, многу поголем и пострашен. Се чини дека Република Македонија не извлече поука од 2001 година и изминатите, веќе 12, години, многу малку се инвестираше или, пак, можеби не се препознава толеранцијата, посебно меѓуконфесионална. Република Македонија не извлече поука ниту од случувањата во глобални рамки (објавувањето карикатури со пророкот Мухамед, палењето на Куранот, спорниот филм и сл.) за да се сфатат верските чувства и нивната ерупција. Верските заедници како да не ја сфаќаат својата улога во овие процеси, посебно важна во мултиетнички средини, каде на некој начин, покрај тоа што се лидери на верски, истовремено, на некој начин се и лидери на етнички заедници. Иако заборавија на оваа улога, МПЦ и ИВЗ како да се ограничени со својот конфесионален амбиент и не комуницираат. Пострашно, почнуваат и рововски препукувања што повторно може да се покаже крајно опасно по самата држава. Дополнително, одговорноста кај верските лидери ја зголемува фактот што македонските граѓани се меѓу најрелигиозните на Балканот.„ (http://republika.mk/83274)

Нестабилните меѓурелигиски односи ги потврдуваат и разните меѓународни извештаи. Во извештајот на Стејт Департментот за 2013 се наведува дека политизацијата на верските прашања која има негативен ефект врз верска толеранција, дека „владејачката коалиција во која доминира македонска партија со православна ориентација ја политизира верата за нејзини сопствени политички цели, повикувајќи се на верските уверувања и идентитетот на мнозинството во земјата и со помош на МПЦ.„ (slobodnaevropa.mk) Во извештајот од 2014 се акцентира градбата на религиозните објекти кои често маркираат етничка или политичка територија, додека во тој од 2016 се вели дека македонските институции грубо ги кршат основните човекови права и верски слободи, помеѓу другото и заради кршењето на уште еден уставно загарантиран принцип – секуларноста на државата. *(ТВ 24 Вести)*

Во влошувањето на меѓуверските одно во Република Македонија влијание имаат и институциите кои има и мисија и должност да градат конструктивни односи помеѓу религиите и групите. Ова е докажано и од научни истражувања. Во најобемното национално истражување, реализирано во Македонија за перцепцијата на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества, што кон крајот на ноември 2016 година го спроведоа Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот РЕЛИГИЈА.МК, со поддршка на фондацијата Конрад Аденауер (КАС) *се истакнува дека во* однос на придонесот на МПЦ и ИВЗ кон меѓурелигискиот соживот и почитување на луѓето со друга религија, 26,2% од православните и слични 24,2% од муслиманските верници сметаат дека тие придонесуваат кон соживотот, а дополнителни 30,1%, односно 17,5% дека донекаде придонесуваат.

Јуни 2017
Скопје

Сепак 27,1% од православните и 41,6% од муслиманите сметаат дека МПЦ-ОА и ИВЗ многу малку или воопшто не придонесуваат за меѓуверскиот соживот, што е релативно висок процент, особено кај муслиманите.

На прашањето: *Дали сметате дека некој се обидува да ја урне меѓурелигиската толеранција во Македонија?*, потврдно одговориле 56,6% од православните и **46,7%** од муслиманските верници. Како што се гледа од графиконот, само **10.7%** од испитаниците се изјасниле дека овие две институции имаат одлична соработка. (Божиновски & Николовски, 2016)



Една друга илустрација е емисијата „На иста страна„ која како таргет ја има тезата „верската толеранција да се замени со соживот„, и „да се почитуваме а не само како да се толерираме„, која што зборува за актуелната „грчевита толеранција„, („На иста страна„, 5-та епизода)

КОДЕКС НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЗИП ИНСИТУТ

ЗИП Институт во својата научно-истражувачка дејност се води од принципите на објективност, јасност, сеопфатност, валидност и автентичност. Поради ова, применуваме различни пристапи и техники со цел да се осигура дека процесот на истражување се спроведува по највисоки, професионални и методолошки стандарди од почеток до крајот на процесот. Нашето код, се состои од следниве параметри:

- Испитаниците чесно и објективно ќе бидат информирани за истражувањето во која тие учествуваа;
- Испитаниците ќе бидат третирани со достоинство и почит восите фази на истражувањето;
- Истражувањето ќе ги почитува интересите на учесниците;
- Истражувањето се спроведува, толкува и анализира на чесен и објективен начин

Јуни 2017
Скопје

4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- ***Дизајн на прашалникот***

Прашалникот е составен од 21 прашања, и е дизајниран на начин и форма да може да ги извлече најпотребните податоци за општествениот мир, од призма на примена на верата, вредностите на истата и нивниот удел на носењето на одлуките во врска со семејниот живот, образовниот процес како и општо во јавниот живот.

Преку директни прашања од овој прашалник сакаме да ги детектираме предрасудите, зато што мислиме дека нашата отвореност кон вклучените испитаници во истражувањето, ќе води кон нивно експлицитно изјаснување кон најболната точка на оваа општество, верската и етничката толеранција.

- ***Прибирање на податоци***

Процесот на прибирање податоци беше воден on-line, а во истражувањето беа вклучени релеватни институционални чинители на верскиот живот во земјава, почнувајќи од Комисијата за односи меѓу верските заедници, Комисијата за анти-дискриминација, итн.

- ***Мостра***

Мострата на ова истражување е составена од 330 испитаници, избрани преку случаен пристап. При изборот на примерок се запазени критериуми за застапување на индикаторите како пол, етничка припадност, религиозна припадност, општини, возраст и професија. 56 % од испитаниците се од женскиот пол а 44 % од машкиот.

Што се однесува до варијаблата религиска припадност, 63.6 % се муслимани, 30 % православни христијани, еден испитаник се изјаснил за атеист, еден како неверник, и еден изјавил дека не и припаѓа на ниту една верска заедница.

Поделбата на испитаниците според општините е следна: 40.4% од општината Сарај, 25% од Чаир, 18.3 % од Ѓорче Петров, и 16.3% од Бутел.

Според возраста доминира категоријата 25-33 години со 70 %, следи возрасната група 34-41, со 15.5%, таа 42-49 со 10.9%, и најмалку во ова истражување е застапена групата 50+ со 3.6%.

Според професионалната афилијација во листата наоѓаме економисти, студенти, политиколог, машински техничар, правник, лека, новинар, теолог, домаќинка, вработен во јавната администрација, агент за осигурување, информатичар, продажен агент итн.

Освен прашалникот како дел од проектот беа организирани и едно-дневни обуки (20 и 21 декември 2016) за свештениците/оџите за правилно пренесување на пораки на верските собири во Џамија односно Црква. Теми на обуките каде што учествуваа теолози, студенти и други профили од двете главни верски заедници во РМ, беа следните „Негување на мултикултурни и мултирелигиски вредности во верски ритуали„ и „Како да се реадресира проблемот на вмешаност на политика во религијата?„, „Потребата и форми на заедничко делување на локално ниво во решавање на проблеми од меѓу-етнички-религиски карактер„ и „Унапредување на соработката помеѓу групата чинители: верски институции, државни институции, невладин сектор, и медиуми„.

Предавањата беа следени со дискусии и дебати во врска со модернизмот, духовната криза, ревиталиацијата на религијата, пораките на светите книги за толеранција и соживот, мултикултурализмот религијата и политиката, секуларизмот во Македонскиот контекст итн. Обуките на свештениците од социолошки аспект имаа за цел реадресирање на улогата на верата/свештениците во општествениот живот, пренесување добрата пракса на верските собири, литургии, ритуали. Како практичен дел од овие дводневни активности беше посетата на учесниците во верски храмови, црква во Ѓорче Петров (св. Апостол Петар и Павле), и џамија во Сарај (Нова Џамија).

5. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ: АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

Во овој дел на истражувањето ќе направиме социолошка анализа на квантитативните резултати од прашалникот спроведен со 110 испитаници. Прашањата 7 и 8 се кои слдатпосле првите идентитетски поставени да ја измерат перцепцијата на граѓаните за сопствената и туѓата религија, т.е. силината на верските чувства во детерминирањето на начинот на живот, и ставот за вредностите на религијата другиот, отвореноста или затвореноста кон тие вредности.

Од графиконот (7) констатираме дека кај поголемиот дел од испитаниците (67.6%) владее самоубедување за силината на религијата, една перцепција за омнипотентна религија, т.е. религиска психологија според која верата е јак контролен агент и spiritus movens (покренувачки дух) на начинот на живеење на граѓаните на овие четири општини. Скоро една третина од респондентите имаат пофлексибилен, посекуларен став (29.6%).

Преку осмото прашање на нашиот прашалник ("Вредноста која не произлегува од мојата вера и мојот поглед/став кон животот е бескорисна како упатство за мојот живот.") имавме за цел да ја измериме инклузивноста наспроти ексклузивноста во врска со верските вредности на другиот.

Наодите покажуваат дека половината од испитаниците (50.5%) имаат позитивно мислење за вредностите на религија на која што тие не и припаѓаат. Само 17.8 % од испитаниците се една многу критична маса, која што е затворена, ексклузивистички настроена кон тоа што не е вредност на сопствената религија. Ако овде се додаде и третина од испитаниците кои велат дека се согласуваат до одреден степен (29.6%), заклучуваме дека еден голем дел од жителите на спомнатите општини имаат проблеми со религиозната другост, своите животни вредности ги црпаат само од сопствената религија и начин на живеење.

Едно многу важно прашање на нашето истражување беше следното: “Благосостојбата на општеството зависи од тоа колку сме толерантни еден кон друг и колку ги почитуваме верските вредности и погледи на личноста од другата вероисповест.”

Од квантитативната анализа заклучуваме дека толеранцијата се смета за conditio sine qua non за постоењето и благосостојбата на нашето општество. Тезата која што произлгува е таа дека што повеќе толеранција толку повеќе благосостојба. 64.5 % од испитаниците силно се согласуваат со ставот изнесен во деветтото прашање. Само петмина (4.7%) од испитаниците не се согласуваат со горенаведениот став. Резултатите од ова прашање се совпаѓаат со тие од прашањето бр. 10, каде што 62.4 % изјавиле дека другите имаат право да ги следат нивните убедувања без разлика колку погрешни можат да бидат тие. Интересно е да се напомене де скоро една третина од респондентите се изјасниле како поборници на еднобојноста (29.4%) наместо диверзитетот, сметаат дека општетството треба да се базира на еден заеднички принципи на вредности.



Единаесетото прашање, „Дали сметате дека верската припадност на вашиот близок, соселанец, сограѓанин или комшија ја одредува вашата блискост и соработка во секојдневниот живот?„ ја мери корелацијата помеѓу параметрите верска припадност и блискот-соработка. Само 10.2 % од испитаниците стојат во екстремот, се убедени дека верската припадност ја детерминира блискоста и соработката меѓу граѓаните, додека 63 % изјавиле дека во комуникацијата и кооперцаијата воопшто не им е важна, т.е. не ја зимаат в обзир религијата на другиот.



Со трендот на враќањето на светото или религискиот ревивализам или ревитализација, се поприсутен е и феноменот на изразувања на практичниот дел на религиозноста на разни локации, вклучувајќи ги и образовните, истакнувањето на верските симболи (крстови, икони, марама итн.). Горниот графикон ни покажува дека абсолутното мнозинство (66.1%) на испитаниците сметаат дека клањањето во пуазите помеѓу часовите, ако не влијае врз образовниот процес не треба да му смета на никого. 1/5 од сипитаниците сметаат дека верските обреди треба да се извршуваат надвор од образовните институции, далеку од очите на луѓето. Ова е рефлексија на селаичко-секуларистичкиот став наспроти религијата. Група од 11% имаат антирелигиски став, сметаат дека образовните институции треба да ги забранат верските ритуали.

Што се однесува за крстот како пети елемент на религиозноста (симболика), јасна е сликата на скоро тотална толеранција, 94.3 % од испитаниците се изјасниле дека „секој може да носи што сака„. Само еден испитаник крстот на другиот го смета за провокација. Но ситуацијата е поинаква што се однесува до езанот (повикот за намаз/молитва пет пати на ден). 19.2 % од мострата им пречи (бидејќи е многу гласен), понекогаш им пречи, или им пречи поради гласноста, будењето и расипувањето на сонот. Но генералната слика е позитивна, на 78.2% воопшто не им пречи.

Скоро иста е состојбата и со перцепцијата на камбаните како верски елемент. 76.6% биењето на камбаните воопшто не им пречи, само на шетворица од 107 испитаници им пречи црковната камбана бидејќи е прегласна.

Верските празници преставуваат елемент кој што не ја попречува општествената кохабитација според граѓаните на четирите општи кои се на фокус на ова истражување. за 83.6 % од испитаниците чествувањето на празниците на припадниците од другата верска припадност за мене претставува знак на почит и толеранција.

Што се однесува за придонесот на верските службеници, оџи и попови за изградба на коегзистенцијата помеѓу различните верски елементи, граѓаните се на став дека овој профил не ја игра улогата што ја имаат во општестевената сцена. Скоро половината од мострата смета дека оваа категорија, оџите и свештениците не придонесуваат за толеранцијата и мирољубивоста во нашето општество. Само 18.2 % за задоволни од перформансите на теолозите во правец на градење на толерантно општество.



Интересни се фактите коишто произлегуваат од 15-то и 21-то прашање. Само 45.5% од испитаниците се изјасниле дека во нивната општина се применува добар модел на коегзистенција и верска толеранција. 33.6% имаат дилеми во овој аспект (одговориле со „делумно да„). Процентот и на тие коишто се убедени дека нивната општина е препознатлива по вековната верска толеранција и соживот. 37.3 % делумно вериваат во овој став. Има и еден граѓанин кој што вели дека нивното поднебје било такво до 1990 година, што значи дека плурализмот место да донесе нов дух, нов позитивен начин на живеење, имал негативен импакт врз соживотот. Според дадените одговори констатираме дека општините треба многу повеќе да придонесат во подобрувањето на климата на толеранција.

6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Толеранцијата претставува средишна положба меѓу неподносливоста и полното прифаќање. Како таква таа најчесто е нестабилна положба, која може да се сврти кон едната или другата насока. (Ташева, 2010: 30) Духовниот човек, севесен за различните пристапи кон светот, е благ спрема соговорнкот, но не о дслабоста, туку заради снагата и волјата да запознае поинакви ставови од своите, затоа што само јаките можат да бидат толерантни. (Šušnjić, 2004: 7-16).

Специфичната хетерогеност на нашето општество имлицира култивирање на толеранцијата, културна и религиозна, градење на едно општеството во духот на дијалогот и активниот соживот, кој што традиционално сме го имале, но кој ве последно време сериозно е размрднат. Помеѓу недопуштливиот модел на однесување, како што се насилството, толеранцијата е реално остварлива за фукционирањето на религиските плурализам на Балканот и во РМ. Некои Македонија ја сметаат за модел на успешниот соживот на граѓаните на различни припадности, но податоците од теренот зборуваат за една поинаква состојба: живот еден поред друг а не хармоничен соживот. Живееме во време кога потребата за дијалог и религиозна толеранција е поголема од било кога и кога истата ја штити дури и глобалната безбедност, дијалогот со ништо не треба да биде условен. Запознавањето предуслов на дијалогот, разбирањето и толеранцијата. (Kuburić, 2013: 31)

Од анализата на емпириските податоци може да заклучиме дека:

- Кај поголемиот дел од граѓаните религијата е покренувачка сила на животот.
- Половината од испитаниците (50.5%) имаат позитивно мислење за вредностите на религија на која што тие не и припаѓаат.
- Благосостојбата на општеството зависи од тоа колку сме толерантни еден кон друг и колку ги почитуваме верските вредности и погледи на личноста од другата вероисповест
- 63 % изјавиле дека во комуникацијата и кооперцаијата воопшто не им е важна, т.е. не ја зимаат в обзир религијата на другиот.
- Религиските симболи се гледаат афирмативно, но има разлика во перцепцијата на христијанските и исламските. Езанот се смета за попровокативен од црковните камбани.
- Граѓаните се на став дека религиските службеници не ја играат улогата за градење на позитивна клима и мостови за соработка и толеранција на општестевената сцена.
- Граѓаните не им веруваат на општините како промотори на соживотот. (Само 45.5% од испитаниците се изјасниле дека во нивната општина се применува добар модел на коекзистенција и верска толеранција).

Врз база на генералната слика во овие четири општини од аспект на поквалитетниот соживот и вистинска толеранција препорачуваме:

- Повеќе активности за меѓусебно запознавање на граѓаните од различни култури, етникуми и религии.
- Поголема соработка на општините во аспект на придобивање од добрата пракса на другата општина во доменот на културата на толеранција.
- Организирање на посети за разни празници, особено тие од релиската сфера.
- Соработка помеѓу верските заедници за креирање на атмосфера на дијалог, за генерирање на позитивни пораки кои би придонеле за соживотот.
- Креирање на клима каде верските заедници ќе се чувствуваат рамноправни пред државата, да се инвестира во неутралноста на државата во однос со верските заедници.
- Да се генерираат повеќе изданија – печатени и електронски - во врска со бенефитете на мултикултурализмот и религискиот плурализам.
- НВО секторот да даде поголем придонес во организирањето на настани, конференции, трибини за соживот и меѓукултурна толеранција.
- Самите верски службеници треба повеќе да работат со нивните следбеници за неминовноста на соживотот.
- Образовниот систем треба да вклучи повеќе наставни единици во курикулумите (од основно до високото образование) кои ќе зборуваат за религиите воопшто и за локалните посебно.
- Медиумите треба да бидат повнимателни во пренесувањето на новинарската порака која има релевантна рефлексија во целосната општествена клима.
- Религиските службеници и општините треба да менуваат многу нешта во својот пристап и активности за креирање на потолерантно општстество и култура на сожвот.
- Политиката и политичарите да бидат свесни за корелацијата на состојбите во сферата на верската толеранција со состојбите во сферата на политиката.

7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- BOLLETER, H. (2013). „Third World Conference on Inter-Religious and Inter-Civilization Dialogue in Macedonia", at http://www.umc-europe.org/artikel_2866.php, retrieved on february 18, 2015.
- БОЖИНОВСКИ, В. – НИКОЛОВСКИ, М. (2016), *Перцепцијата на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества*. Скопје: Институт за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), религија.мк, Фондација Конрад Аденауер (КАС).
- KUBURIĆ, Z. (2013). "Religija i tolerancija na balkanskoj vjetrometini: Znanstveni časopis Religija i tolerancija (2002.-2012.)". *Nova prisutnost*, 11 (2013) 1, 23-36.
- MUHIQ, . F. (2007). *Shkupi – kryeqendra e shtatë portave*, Shkup: Skenpoint.
- „*Отворено*", *ТВ 24 Вести, 14.03.2016.*
- „На иста страна", ТВ Сител, https://www.youtube.com/watch?v=9LyGSRTC_Vo, 10.06.2017.
- PAJAZITI, A. (2016). "Interreligious Dialogue in the Macedonian Context: From Natural Diversity to Secular Theocracy", E. Aslan, Ebrahim R., Hermansen, M. (2016). Islam, Religions and Pluralism in Europe. Wiesbaden: Springer VS.
- PAVLOVSKA, J. et.al. (2011). *Map of Religious Buildings in Republic of Macedonia.* Skopje: Comission for Relations Between Religious Communities and Groups.
- POHLE, J. (1912). Religious Toleration. во The Catholic Encyclopedia. New York: Robert Appleton Company. Retrieved June 7, 2017 from New Advent: http://www.newadvent.org/cathen/14763a.html
- RANGUS, E. (2001). "Religious tolerance starts with a definition", *Emory report, http://www.emory.edu/EMORY_REPORT/erarchive/2001/April/erApril.2/4_2_01tolerance*

- SIBLOT, P. (1997). *Defining Tolerance*. Montpellier: UNESCO.
- Sulstarova, E. (2010). *Në pasqyrën e Oksidentit: Studime dhe artikuj*. Shkup: Logos-A.
- ТАШЕВА, М. (2010). „Религиската толеранција низ историјата: Пред и после појавата на христијанството„. *Социолошка ревија*, Бр. IX-X, 29-48.
- VOLTER, F-M. A . (2015). *Traktati i tolerancës.* Tiranë: Saras.
- YILMAZ, H. (2004). “Tolerance as a Principle in the Prophet’s Education Activity”, *İlahiyat Fakültesi Dergisi*, Vol. VIII / 1, 109-132.
- http://balkanizam.blogspot.mk/2013/11/blog-post.html
- http://press24.mk/religija-verskite-lideri-malku-rabotat-na-verska-tolerancija
- http://republika.mk/83274
- https://www.slobodnaevropa.mk/a/25473619.html

ПРАШАЛНИК ЗА ВЕРСКАТА И МЕЃУРЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА И ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ ПРИПАДНИЦИТЕ НА РАЗЛИЧНИ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ ВО ЕДНА ОПШТИНА

Овој прашалник е интегрален дел од проектот “Имамот или попот? Било кој, само во улога на мирот да е.“, кој што се реализира од страна на ЗИП Институт и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во рамките на проектот Цивика мобилитас. Целта на овој Прашалник е да се добијат статистички валидни податоци за мислењето на припадниците на различните верски заедници за степенот на меѓусебната верска толеранција и придонесот на свештените лица од двете религии во насока на подобрување, сплотување и подигање на свеста кај верниците за заеднички соживот, зајакнување на општествениот мир и правилен пренос на пораки на верските обреди.

I. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСПИТАНИКОТ

1. Пол

- Машки
- Женски

2. Етничка припадност

- Македонска
- Албанска
- Турска
- Ромска
- Српска
- Влашка
- Бошњачка
- Американка

3. Верска Припадност:

---

4. Општина:

- Сарај
- Ѓорче Петров
- Бутел
- Чаир

5. Возраст

- до 25 години
- 26-33

- 34-41
- 42-49
- 50+

6. Професија:

II. ПРАШАЊА ЗА СТЕПЕНОТ НА ВЕРСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА

7. "Мојата религија е многу силна, и од мене се очекува да живеам строго во согласност со неа."

- Силно се согласувам со оваа изјава
- Се согласувам до одреден степен
- Не се согласувам
- Не сум религиозна
- Прашањето не е поставено добро

8. Мојата вера е многу силна. Верата и религијата се две различни работи.

- "Вредноста која не произлегува од мојата вера и мојот поглед/став кон животот е бескорисна како упатство за мојот живот."
- Силно се согласувам со оваа изјава
- Се согласувам до одреден степен
- Не се согласувам
- Не сум религиозна

- Не го разбирам прашањето

9. “Благосостојбата на општеството зависи од тоа колку сме толерантни еден кон друг и колку ги почитуваме верските вредности и погледи на личноста од другата вероисповест.”

- Силно се согласувам со оваа изјава
- Се согласувам до одреден степен
- Не се согласувам
- Не, религијата треба да се забрани со закон
- Благосостојбата на општеството зависи од тоа колку се љубиме еден со друг, а не колку се толерираме. Толеранцијата не е љубов.

10. Изберете две од долунаведените изјави кои мислите дека се релевантни за вас:

- Вербата во моите верски убедувања е ниска
- Мислам дека другите имаат право да ги следат нивните верувања без разлика колку погрешни можат да бидат
- Вербата во моите верски убедувања е на многу високо ниво
- Верувам дека општеството во кое живеам јас треба да има само еден принцип на заеднички вредности.

11. Дали сметате дека верската припадност на вашиот близок, соселанец, сограѓанин или комшија ја одредува вашата блискост и соработка во секој дневниот живот?

- Да, многу
- Не, верската припадност не ја одредува блискоста

- До некој степен ја одредува
- Да, имам предрасуди кон религиозни луѓе

12. Бракот од мешан верски состав е најадекватна постапка за зачувување на верската толеранција во општеството.

- Се согласувам затоа што само преку чинот на зближување до степен на брак можеме да одгледуваме генерации толерантни при различна верска припадност
- Не се согласувам затоа што парот ќе биде на удар на општествените предрасуди
- Одлуката за стапување во брак е индивидуална и интимна работа која не би требало да биде засегната од општествените предрасуди
- Не треба да има верска толеранција затоа што не треба да постои религија
- Не се согласувам
- Не се согласувам со оваа изјава, затоа што доколку брачните партнери имаат различна вера, едниот од нив ќе го повлече другиот кон сопствената вера.

13. Мојот соученик од муслиманска вероисповест се клања за време на паузи помеѓу часови:

- Мислам дека во училишни средини треба да се оградуваме од верските ритуали и тоа да го правиме надвор од очите на колегите од различна верска припадност
- Се додека чинот на клањање не влијае врз целокупниот образовен процес тоа не би требало никому да му смета
- Образовните институции треба да ги забранат верските ритуали
- Секој може да прави што сака.
- мојот соученик треба да обрне повеќе внимание на наставата и неговата едукација
- Во образовните институции треба да се толерираат верските ритуали

- Секој има свое право да мисли и да верува во тоа што сака и што му лежи на душа без разлика каде се клања ако сака да се клања нека го направи тоа каде и кога сака

14. Мојот соученик од христијанска вероисповест носи накит со симбол крст:

- Тоа за мене е провокација
- Секој може да носи што сака, се додека тоа не го одразува нашиот однос како соученици
- Муслиманите и православните треба да се разликуваат едни од други со ваков вид на симболи
- секој може да носи што сака.
- Тоа не провокација
- Не би требало во училиште да се внесува религија на било кој начин

15. Дали сметате дека во општината во која припаѓате постои и се применува добар модел на соживот и меѓусебна верска толеранција?

- Да
- Не
- Делумно да

16. Езанот (Пеењето на Имамот во Џамијата):

- Не ми пречи воопшто
- Ми пречи бидејќи е многу гласен и е 5 пати на ден
- Понекогаш ми пречи
- нема во моја близина

- Многу ми се допаѓа
- Не ми пречи што е 5 пати на ден, туку што е премногу гласен во 5 сабајле до тој степен што се будиме и ни го расипува сонот.

17. Биењето на камбаните:

- Не ми пречи воопшт
- Ми пречи бидејќи се многу гласни
- Понекогаш ми пречи
- нема во моја близина
- Многу ми се допаѓа
- Не ми пречи бидејќи во Чаир не се слуша ниедна камбана.
- Не се слуша каде што живеам
- У мое маало не бијат камбани
- Сите пророци биле муслимани

18. Дали сметате дека имамите и поповите доволно придонесуваат во меѓу верскиот соживот преку пренесување на значењето на верската толеранција и тоа го прават на најдобар можен начин?

- Не
- Делумно да
- Не, мислам дека ја разгоруваат меѓусебната нетолеранција
- Не сум информирана за ова

19. За време на верските празници чествувањето на празниците на припадниците од другата верска припадност за мене претставува знак на почит и толеранција.

- Се согласувам
- Не се согласувам
- Делумно се согласувам
- Да
- Делумно да
- не треба да има толеранција (еден да покажува супериорност над друг) туку соживот
- Не, мислам дека е лицемерен акт
- Чествувањето на празниците на припадниците од другата верска припадност за мене претставува изговор/оправдување да не се работи.

20. Верските објекти (џамиите и црквите) се од големо значење за општеството?

- Да
- Не
- Делумно да
- големо да, дефинитивно. позитивно не, дефинитивно.
- Едни од институциите кои го уназадуваат општеството, никако не се од значење!
- Се но не се од големо значење

21. Мојата општина е препознатлива по вековната верска толеранција и соживот?

- Да
- Не

ПУБЛИКАЦИЈА
Религија и Толеранција – Теренско истражување за степенот на толеранцијата во Сарај, Ѓорче Петров, Чаир и Бутел

ИЗДАВАЧ
ЗИП Институт

АВТОРИ
Проф. Д-р. Али Пајазити
Фецри Селами

ЛЕКТОР
Миранда Рамети

ДИЗАЈН НА ПУБЛИКАЦИЈА
Назлије Исени

ПЕЧАТЕЊЕ
ТОП ПРИНТ – Дигитален Принт Центар

ТИРАЖ - 200 примероци

Јуни 2017
Скопје

Institute
local governance | informed learning

Address: Boulevard Partizanski Odredi 106 / 1-3
Skopje, 1000
Republic of Macedonia

Tel: +389 2 615 98 32

Cell: +389 70 222 811

E-mail: info@zipinstitute.mk